Safe childhood

БЕЗБЕДНО ДЕТСТВО



# ЗБОРНИК НА АПСТРАКТИ
# BOOK OF ABSTRACTS

**I МАКЕДОНСКА КОНФЕРЕНЦИЈА
ЗА ДЕТСКА И АДОЛЕСЦЕНТНА ПСИХИЈАТРИЈА
СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО**

***"РАЗВОЈНА ПСИХОПАТОЛОГИЈА - ПРЕДИЗВИЦИ И МОЖНОСТИ"***

**I MACEDONIAN CONFERENCE
ON CHILD AND ADOLESCENT PSYCHIATRY
WITH INTERNATIONAL PARTICIPATION**

***„DEVELOPMENTAL PSYCHOPATHOLOGY - CHALLENGES AND OPPORTUNITIES"***

**16-18 Октомври 2014
Охрид, Република Македонија**

**16-18 October 2014
Ohrid, Republic of Macedonia**

ГЕНЕРАЛЕН СПОНЗОР GENERAL SPONSOR

**ОП26**

**МОЖНОСТИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВРСНИЧКОТО НАСИЛСТВО ВО УЧИЛИШТАТА ВО Р. МАКЕДОНИЈА**

**Кадри Хаџихамза[1], Марија Ралева[1], Славица Арсова[1], Флорентина Хани[2], Димитринка Јорданова Пешевска[3], Розалинда Исјановска[4], Изабела Филов[5], Виктор Исјановски[6], Лидија Сушевска[7], Актан Аго[8], Благојче Ѓорчевски[9]**

[1]*Универзитетска Клиника за психијатрија, Скопје;*

[2]*Гимназија "Ибрахим Темо"-Струга;*

[3]*СЗО, Национална Канцеларија-Скопје;*

[4]*Институт за епидемиологија со биостатистика, Медицински факултет-Скопје;*

[5]*Психијатриска болница "Демир Хисар"-Демир Хисар;*

[6]*Психијатриска болница "Скопје"-Скопје;*

[7]*Градска општа болница"8-ми септември"-Скопје;*
[8]*Гимназија "Јосип Броз Тито"-Скопје;*
[9]*Средно Медицинско училиште "Др.Панче Караѓозов"-Скопје*

Вовед: Насилството како појава е комплексен проблем. Тој проблем, на жалост, е се по присутен во училиштата ширум нашата земја. Тоа може да предизвика непосредни и посредни последици по здравјето кои варираат од психички стрес па се до смрт на адолесцентот. Тоа е долгорочен проблем од аспект на менталниот развој.

Методи: Студијата е од пресечен („Cross section") тип. Испитуваната група се средношколците (адолесцентите) учениците во четврта година на средните училишта, на возраст од 18-19 години. Прибирањето на податоците се изврши со прашалникот за непријатни искуства од детството (Adverse Childhood Experience). На прашалникот одговорија 258 момчиња и 406 девојчиња.

Резултати: Разни типови на насилство и злоупотреба се присутни во адолесцентната популација. Зачестеноста на емоционалното насилството врз адолесцентите вон семејството (училиште, заедница) е 4,47% кај машките односно 7,36% кај испитаничките од женски пол. Зачестеноста на физичкото насилството врз адолесцентите вон семејството (училиште, заедница) е 2,6% кај испитаници од машки пол односно 7,36% кај девојчињата. Машките испитаници во помал процент доживуваат физичка и психичка злоупореба од врсници, но за разлика од девојчињата интензитетот и зачестеноста на овие видови злоупотреба кај нив се поизразени. Насилните обрасци на решавање на проблемите усвоени во семејството во раната возраст влијаат насилството да продолжи да се појавува и во адолесценцијата во релациите со врсниците.

Заклучок: Можен начин на рано детектирање на проблемот е користење на технологијата на електронска комуникација помеѓу учениците и профилите заинтересирани да се вклучат во решавање на проблемот (училишни педагози и психолози, психијатри и сл.).

***Клучни зборови:*** *насилство, адолесценти, електронска комуникација.*

**ОП27**